# Црни водни лилии

Напишано од Александар Крстев
Петок, 03 Мај 2019 08:32




Во селото живееја три жени.

Првата беше подмолна, втората лажлива, третата себична.

Селото се викаше Живерни, толку познато што луѓето поминуваа пола свет само за да прошетаат во него.

Третата, најмалата бараше татко, на некое друго место. Втората бараше љубов. Првата, најстарата, знаеше по нешто за другите две. Сфативте, беа сосема различни. Сепак, сите три сонуваа са заминат. За нив Живерни беше убава и голема градина, но со решетки. Фатаморгана. Слика која е невозможно да се извлече од рамката.

Еднаш, на тринаест дена, само на тринаесет дена, решетките на паркот се отворија. Само за нив, тие така мислеа. Меѓутоа, само една од нив можеше да побегне, другите две мораа да умрат. Не можеше ништо да се стори. Полицајците се интересираа само за втората жена, најубавата; третата, најнеискусната, сама мораше да спроведе истрага. Првата, најдискретната, можеше мирно да ги следи сите останати.

Таа, првата жена, бев јас!